# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА КАНДИДАТИ ВРАБОТЕНИ ВО ПЗУ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

1. Фотокопија од Уверение со оценки за завршен факултет заверена на нотар
2. Фотокопија од Диплома за завршен факултет заверена на нотар (или потврда дека издавањето е во тек во оригинал)
3. Фотокопија од Уверение за положен стручен испит заверена на нотар
4. Фотокопија од важечка лиценца за работа од лекарска комора заверена на нотар
5. Здравствените работници со високо образование со стекната прва лиценца за работа од 22.05.2019 година до денес потребно да достават еден од долунаведените документи:
   - Потврда за завршена пробна работа од најмалку шест месеци во примарна здравствена заштита во здравствен дом според програма на Министерството за здравство во оригинал или нотарски заверена копија и нотарски заверена копија од склучен Договор за дело со Здравствениот дом како доказ за вршење на пробна работа на кандидатот согласно Програмата на Министерството за здравство (член 141 став 2 од Законот за здравствената заштита); или
   - М1/М2 образец во оригинал со датум не постар од денот на објавување на јавниот оглас со кој кандидатот докажува дека на денот на поведувањето на постапката за запишување на специјализација од високообразовната установа што ја спроведува специјализацијата, е вработен/а во здравствена установа или во друго правно лице кое врши здравствена дејност и има најмалку шест месеци работен стаж во струката како здравствен работник со високо образование или има работно искуство во здравствена установа подолго од шест месеци како здравствен работник со високо образование, што се докажува со поднесување на писмен доказ (потврда за волонтерство во оригинал или нотарски заверена копија, договор на дело во оригинал или нотарски заверена копија, договор за волонтерство во оригинал или нотарски заверена копија) (член 141 став 3 од Законот за здравствената заштита)
6. М1/М2 образец во оригинал со датум не постар од датумот на објавување на јавниот оглас
7. Упатница за кандидатот со кој се упатува на специјализација од приватната здравствена установа или друго правно лице во оригинал со архивска заверка, печат и потпис од директор/управител.
8. Пополнето барање со таксена марка 50 ден. (барањето може да го најдете на web страната на Медицинскиот факултет www.medf.ukim.edu.mk)

# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА НЕВРАБОТЕНО ЛИЦЕ

1. Фотокопија од Уверение со оценки за завршен факултет заверена на нотар
2. Фотокопија од Диплома за завршен факултет заверена на нотар (или потврда дека издавањето е во тек во оригинал)
3. Фотокопија од Уверение за положен стручен испит заверена на нотар
4. Фотокопија од важечка лиценца за работа од лекарска комора заверена на нотар
5. Здравствените работници со високо образование со стекната прва лиценца за работа од 22.05.2019 година до денес потребно да достават:
   - Потврда за завршена пробна работа од најмалку шест месеци во примарна здравствена заштита во здравствен дом според програма на Министерството за здравство во оригинал или нотарски заверена копија и нотарски заверена копија од склучен Договор за дело со Здравствениот дом како доказ за вршење на пробна работа на кандидатот согласно Програмата на Министерството за здравство (член 141 став 2 од Законот за здравствената заштита);
6. Потврда од Агенција за вработување дека кандидатот не е вработен во оригинал со датум не постар од датумот на објавување на јавниот оглас
7. Пополнето барање со таксена марка 50 ден. (барањето може да го најдете на web страната на Медицинскиот факултет www.medf.ukim.edu.mk)

***За лицата со завршен факултет во странство потребно е да се достави:**

- Фотокопија од Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадена од Министерство за образование и наука на РСМ заверена на нотар
- Фотокопија од Еквиваленција на оценки издадено од Министерство за образование и наука на РСМ заверена на нотар
- Фотокопија од Решение за признавање на приправнички стаж и положен стручен испит во странство издадено од Лекарска комора на РСМ заверена на нотар
- Превод на уверението со оценки и дипломата за завршен факултет во странство од страна на судски преведувач

***Цена на чинење на хируршки гранки на специјализацијата за кандидати во приватни установи, други правни лица и невработени изнесува**

- Практична обука 1600 ЕУР годишно
- теоретска настава 1000 ЕУР, а се плаќа на два семестри по 500 ЕУР
- специјалистички испит 600 ЕУР

***Цена на чинење на нехируршки гранки на специјализацијата за кандидати во приватни установи, други правни лица и невработени изнесува**

- Практична обука 1280 ЕУР годишно
- теоретска настава 1000 ЕУР, а се плаќа на два семестри по 500 ЕУР
- специјалистички испит 600 ЕУР

***Цена на чинење на нехируршки гранки на специјализацијата во траење од три години за кандидати во приватни установи, други правни лица и невработени**

- Практична обука 666 ЕУР годишно
- теоретска настава 1000 ЕУР, а се плаќа на два семестри по 500 ЕУР
- специјалистички испит 300 ЕУР

Медицински факултет-Скопје